# Информации за приватност на субјектот на лични податоци

Со овој документ, ние како Контролор на лични податоци Друштво за производство, промет и услуги ГОРСКА ДООЕЛ Скопје (во понатамошен текст ГОРСКА ДООЕЛ Скопје), со седиште: ул.Шар Планина бр.4 Скопје – Ѓорче Петров, со електронска пошта info@gorska.com.mk – овозможуваме информации за обработката на личните податоци и Вашите права поврзани со оваа обработка.

**Нашата визија за заштита на личните податоци:**

ГОРСКА ДООЕЛ Скопје посветува големо внимание на заштитата на личните податоци во сите свои деловни процеси, имплементирајќи ги стандардите поставени со прописите за приватност и заштита на личните податоци во Република Северна Македонија, кои се подетално разработени во интерните Политики и процедури кои го сочинуваат системот на заштита на лични податоци на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје .

Нашата политика на приватност е прикачена на веб страната на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје :

*https://kupigorska.mk/content/pages/politika-na-privatnost*

**Цел, опис и категории на лични податоци кои се предмет на обработка:**

ГОРСКА ДООЕЛ Скопје прибира, чува и обработува лични податоци на потенцијалните и постојни клиенти и генерално, лицата кои вршат деловни активности со ГОРСКА ДООЕЛ Скопје и вработените како субјекти на лични податоци.

Примарен извор на лични податоци на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје се оние лични податоци кои субјектите самите ги имаат дадено на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје при деловна соработка.

Напоменуваме дека ГОРСКА ДООЕЛ Скопје обработува лични податоци единствено во обем којшто е неопходен за целите на обработката.

Особено, ГОРСКА ДООЕЛ Скопје може да врши обработка на следниве лични податоци:

**Личните податоци што ги доставуваат субјектите**, како што се: податоци за идентификација (име и презиме, датум и место на раѓање, личен идентификациски број, итн.), контакт податоци (поштенска адреса, телефонски број, адреса за електронска пошта)

Субјектите на лични податоци се обврзани веднаш да ја известат ГОРСКА ДООЕЛ Скопје за каква било промена во горенаведените податоци.

**Лични податоци коишто ги прибира ГОРСКА ДООЕЛ Скопје се:**

1. лични податоци во врска со деловна соработка;
2. лични податоци потребни за вршење на коуминикација при деловна соработка
3. лични податоци за одговор на ваше барање на нашата веб страна
4. во согласност со важечката правна рамка за доставување на податоци до државните органи;
5. при вршење на маркетинг активности
6. во контекст на општа комуникација на клиентите со ГОРСКА ДООЕЛ Скопје ;
7. "колачиња" (анг.: "cookies") и придружни технологии кои овозможуваат пристап и употреба на нашата веб-страна;
8. податоци што ги засегаат клиентите и коишто се јавно достапни преку интернет или на друг начин;
9. податоци за вработените лица во ГОРСКА ДООЕЛ Скопје , лицата коишто вршат практикантска или волонтерска работа во ГОРСКА ДООЕЛ Скопје во согласност со важечката правна рамка од оваа област (Закон за евиденции од областа на трудот, Законот за работните односи и други) поопширно објаснети во Анекс 2 на нашата Политика на приватност која е јавно достапна и прикачена на нашата веб страница;
10. податоци за кандидатите за вработување во ГОРСКА ДООЕЛ Скопје поопширно објаснети во Анекс 3 на нашата Политика на приватност која е јавно достапна и прикачена на нашата веб страница;;
11. личните податоци кои се собираат при користење на веб – страната на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје поопширно објаснети во Анекс 1 на нашата Политика на приватност која е јавно достапна и прикачена на нашата веб страница;.

**Опис на целта на обработувањето:**

Наша цел е да Ви обезбедиме најдобра услуга и најквалитетен производ. Ние, исто така, може да ги користиме информациите што ги собираме и чуваме за и од Вас за да ни помогне да ги водиме и подобриме услугата спрема клиентот во иднина. На пример, дадените информации може да и помогнат на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје да:

- Ви обезбеди најдобра услуга и производ
- добиваме извештај за тоа колку се квалитетни нашите услуги и нашите производи
- се испитуваат поплаки, правни тврдења и несаканите инциденти
- ги задоволат потребите на клиентите во иднина

**Правен основ за обработка на вашите лични податоци:**

- **Исполнување на законска обврска** - Вашите лични податоци ги обработуваме заради законски обврски (пример обврска за чување на персоналното досие на вработените, чување на книга на вработени).
- **Исполнување на договорна обврска** - Вашите лични податоци ги обработуваме и заради исполнување на договорните обврски кои произлегуваат од Договорот за вработување и заради исполнување на други договорни обврски кои произлегуваат од некој Договор, но во рамки на прописите утврдени во Законот за заштита на лични податоци и неговите подзаконски акти или други релевантни закони.
- **Легитимен интерес на компанијата –** Легитимните интереси се интереси на компанијата. Тие можат да вклучуваат комерцијални интереси, индивидуални интереси или пошироки општествени придобивки, но при такви обработки секогаш

треба да се објасни целта од таа обработка.

- **Изјава за согласност** - Обработката на Вашите податоци, ако не е со законски основ можеме да извршиме само врз основа на Ваша дадена изречна согласност. Во тој случај ќе превземеме соодветни мерки, за благовремено, на транспарентен, разбирлив и лесно достапен начин да Ве известиме за целта на обработката за која ни е неопходна Вашата согласност за да можете да донесете информирана одлука за тоа дали сакате да ни ја дадете согласноста. Дополнително ќе бидете известени за Вашите законски права, можноста за повлекување на согласноста во било кое време како и начинот на повлекување на дадената согласност врз основа на Законот за заштита на личните податоци.

**Што е електронско известување:**

Електронско известување е секое правно обврзувачко известување кое произлегува од облигациониот однос помеѓу корисникот и нашата компанија, за кое корисникот дал согласност да се проследи по електронски пат , како замена за известувањето по пошта

**Што е директен маркетинг:**

Секој вид на комуникација остварена на било кој начин со цел испраќање на рекламен, маркетиншки или пропаганден материјал која е насочена директно до идентификуван корисник.

**Права на Корисниците- субјекти на лични податоци**

Субјектите на лични податоци имаат одреден сет на права утврдени со Законот за заштита на лични податоци кои се подолу објаснети.

- **Право на информираност** (член 16, 17 и 18 од Законот)

  ГОРСКА ДООЕЛ Скопје ги информира субјектите на лични податоци за процесот на обработката на податоците, целите на обработката, категориите на лични податоци што се обработуваат, корисниците/категориите на корисници доколку ги има, намерата за преку – граничен пренос (доколку се пренесени, информации за соодветните заштитни мерки со можност за добивање на копија или информација каде се достапни), временскиот период на чување на личните податоци/критериумите што се користат за одредување на тој период, легитимните интереси на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје ако обработката се врши согласно овој основ за обработка на личните податоци, постоењето на автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето, како и информација за правата на субјектите на лични податоци. Во согласност со начелото на транспарентност, ГОРСКА ДООЕЛ Скопје ги информира субјектите на лични податоци за работите поврзани со личните податоци преку Политиката за приватност.

  Напоменуваме дека ГОРСКА ДООЕЛ Скопје не е должна да ги достави овие информации во случаите предвидени со Законот за заштита на личните податоци (член 18 став 5).
  Доколку сакате да дознаете повеќе информации за правото на информираност погледнете на следниот линк: https://azlp.mk/vashite-prava/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%be-%d0%bd%d0%b0-%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b8%d1%80%d0%b0%d1%9a%d0%b5/

- **Право на пристап** (член 19 од Законот)
  Субјектите на лични податоци имаат право да добијат потврда од ГОРСКА ДООЕЛ Скопје дали се обработуваат нивните лични податоци и доколку се обработуваат имаат

право да добијат информации согласно правото на информирање.
Доколку сакате да дознаете повеќе информации за правото на пристап погледнете на следниот линк: https://azlp.mk/vashite-prava/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%be-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bf/

- **Право на исправка или дополнување** (член 20 и 23 од Законот)
  Субјектите на лични податоци имаат право на исправка на нивните неточни лични податоци.
  Доколку сакате да дознаете повеќе информации за правото на исправка или дополнување погледнете на следниот линк: https://azlp.mk/vashite-prava/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%be-%d0%bd%d0%b0-%d0%b8%d1%81%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%ba%d0%b0/

- **Право на бришење на податоците** (член 21 од Законот)
  Субјектите на лични податоци имаат право да побараат од ГОРСКА ДООЕЛ Скопје да ги избрише нивните лични податоци, доколку се исполнети условите согласно Законот за заштита на личните податоци. Во суштина, по барање на субјектот на личните податоци, ГОРСКА ДООЕЛ Скопје ќе ги избрише истите само доколку личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани или пак, каде што е релевантно, субјектот на лични податоци ја повлекол својата согласност, а личните податоци биле обработувани врз основа на дадената согласност (во случај на директен маркетинг).

  При бришење на личните податоци, ГОРСКА ДООЕЛ Скопје води сметка истите да се избришат и од страна на третите страни со кои ГОРСКА ДООЕЛ Скопје соработува а кои ги обработуваат тие податоци.
  Доколку сакате да дознаете повеќе информации за правото на бришење на податоците погледнете на следниот линк: https://azlp.mk/vashite-prava/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%be-%d0%bd%d0%b0-%d0%b1%d1%80%d0%b8%d1%88%d0%b5%d1%9a%d0%b5-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%be-%d0%b4%d0%b0-%d1%81%d0%b5-%d0%b1%d0%b8%d0%b4%d0%b5-%d0%b7%d0%b0%d0%b1/

- **Право на ограничување на обработката** (член 22 од Законот)
  Субјектите на лични податоци имаат право да побараат од ГОРСКА ДООЕЛ Скопје да ја ограничи обработката на нивните лични податоци, доколку се исполнети условите согласно Законот за заштитана личните податоци вклучително и под услов обработката да не е повеќе неопходна за усогласување со законска обврска која бара обработка според закон што се применува во однос на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје.
  Доколку сакате да дознаете повеќе информации за правото на ограничување на обработката погледнете на следниот линк: https://azlp.mk/vashite-prava/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%be-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d1%87%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%b1%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%b0/

- **Право на приговор** (член 25 од Законот)
  Субјектите на лични податоци имаат право да поднесат приговор до ГОРСКА ДООЕЛ Скопје во секое време, врз основа на конкретна ситуација поврзана со нив, кога обработката на нивнителични податоци се заснова врз основа на легитимниот интерес на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје или трето лице или јавниот интерес вклучувајќи и

профилирање засновано на овие основи. Доколку личните податоци се обработуваат за цели на директен маркетинг, субјектите имаат право во секое време да поднесат приговор на обработката на личните податоции да побараат ГОРСКА ДООЕЛ Скопје да ја запре натамошната обработка на личните податоци за тие цели.

Доколку сакате да дознаете повеќе информации за правото на приговор погледнете на следниот линк: https://azlp.mk/vashite-prava/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%be-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b8%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80/

- **Право на регулирање на било какво автоматско донесување на одлуки и профилирање** (член 26 од Законот)

  Субјектите на лични податоци имаат право да не бидат предмет на одлука заснована *единствено* на автоматизирана обработка на нивните лични податоци, вклучувајќи го и профилирањето што предизвикува правни последици или на сличен начин значително влијае на клиентот, освен во случаите предвидени со Законот за заштита на личните податоци.

  ГОРСКА ДООЕЛ Скопје не врши профилирање или автоматско донесување на одлуки

  Доколку сакате да дознаете повеќе информации за правото на регулирање на било какво автоматско донесување на одлуки и профилирање погледнете на следниот линк: https://azlp.mk/vashite-prava/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%be-%d0%b4%d0%b0-%d0%bd%d0%b5-%d1%81%d0%b5-%d0%b1%d0%b8%d0%b4%d0%b5-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%bc%d0%b5%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%b4%d0%bb%d1%83%d0%ba%d0%b0-%d0%ba%d0%be/

- **Право на преносливост** (член 24 од Законот)

  Субјектите на лични податоци имаат право да ги добијат нивните лични податоци, а кои ги имаат дадено на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје во структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат при што имаат право да ги пренесат на друг контролор, без попречување од страна на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје, доколку се исполнети условите согласно Законот за заштита на личниподатоци.

  Доколку сакате да дознаете повеќе информации за правото на преносливост погледнете на следниот линк: https://azlp.mk/vashite-prava/%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%be-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%bd%d0%be%d1%81%d0%bb%d0%b8%d0%b2%d0%be%d1%81%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%b4%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%86%d0%b8%d1%82%d0%b5/

ГОРСКА ДООЕЛ Скопје е должна да одговори на корисникот во рок од 15 дена од денот на примеот на барањето, при што нема обврска повторно да одговори на исто или слично негово барање, ако во меѓувреме нема промени во неговите лични податоци, освен ако изминале шест месеци од денот на доставувањето на претходното барање до новото барање.

Доколку коринсикот не добие одогвор на барањето за пристап до лични податоци, може да поднесе барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци пред Агенцијата за заштита на личните податоци на нивната меил адреса: info@privacy.mk или преку испраќање на пошта до нивната адреса: бул.„Гоце Делчев"бр. 18, (зградата на Македонска радио телевизија МРТВ – кат 14).

**Рок на чување на вашите лични податоци:**

Должината на времето кога ги чуваме Вашите информации зависи од тоа за каков вид на информации станува збор.

Дадените согласности од страна на субјекот се чуваат 6 години или до повлекување на согласноста од страна на субјектот.

Сите податоци поврзани со вработените се чуваат согласно барањата на Законот за работни односи и Законот за архивско работење, односно во временски рок од 45 години.

Сите извештаи за вработени како што се дисциплински и истраги се чуваат 3 години по завршување

на работниот однос.
Податоците добиени од потрошувачите или други клиенти преку потпишување на договор се обработуваат за времетраење до исполнување на облигациите од тој договор и се бришат најдоцна 1 година по исполнување на сите права и обврски кои произлегуваат од тој договор. Ние ја чуваме нашата евиденција барем за минималниот наведен потребен период на задржување.

**Категории на обработувачи на кои би можеле да пренесеме лични податоци:**

ГОРСКА ДООЕЛ Скопје ги открива личните податоци на јавни органи во согласност со нивните законскиовластувања.

Поконкретно, ГОРСКА ДООЕЛ Скопје може да ги открие личните податоци на субјектот на личните податоци само доколку е обврзана согласно закон, одлука на надлежен орган или на трети лица, односнона следната категорија корисници на лични податоци: државни органи или правни лица основани од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или други тела како и на трети лица (физички или правни лица) кои дејствуваат по наредба или во име на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје, како што се:

трети лица (физички или правни лица) кои соработуваат со ГОРСКА ДООЕЛ Скопје во каква било форма, дејствувајќи во име и за сметка на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје, со цел да се постигне целта за обработка на договорот, вклучувајќи ги следниве категории:

1. Компании кои ги информираат должниците за нивните долгови пред или по престанокот и / или подготвителните активности потребни за вонсудска и судска постапка за наплата на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје за нивните заостанати долгови;
2. ИТ Компании - добавувачи на опрема за информатичка технологија;
3. Агенции за обезбедување лица и имот кои имаат пристап до видео надзор;
4. Друштва за консултантски услуги, вклучително и финансиски советници и ревизори;
5. Компании - даватели на податоци;
6. Државни институции и инспекции како што се Трудовиот инспекторат и Државниот пазарен инспекторат;
7. Финансиски институции, Управа за јавни приходи и други институции од оваа област;
8. Банки – Депонент на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје
9. Надзорни, судски, независни и други органи на национално и европско ниво заради исполнување на законските обврски на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје наложени согласно важечката регулатива или со судска одлука;
10. Овластени сметководители и ревизорски друштва.

11. ГОРСКА ДООЕЛ Скопје соработува само со трети лица кои можат да имплементираат соодветни технички и организациски мерки согласно регулативата и стандардите на ГОРСКА ДООЕЛ Скопје, при тоа овозможувајќи соодветна заштита на личните податоци. Во вакви случаи, третите лица (обработувачите на личните податоци) се обврзани со конкретен Договор за обработка на лични податоци или друг правен акт согласно членот 32 кој обезбедува дека личните податоци се обработуваат само во согласност со инструкциите дадени од ГОРСКА ДООЕЛ Скопје и со почитување на заштитни технички и организациски мерки со кои се обезбедува безбедност на личните податоци.

**Извори на лични податоци:**

| |
|---|
| Ние ги добиваме личните податоци директно од Вас преку започнување на деловен однос, или преку дадена изречна изјава за согласност. |
| **Автоматско одлучување врз основа на личните податоци:** |
| При обработка на личните податоци не се случува автоматско одлучување. |
| **Кои се Вашите права ?** |
| Со цел да ги остварите Вашите права кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на Вашите лични податоци, приговор и преносливост), упатете барање на електронската адреса на офицерот за заштита на личните податоци: *k.stoickovska@gorska.com.mk*<br>Доколку сметате дека е повредено некое ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци пред Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија. |